Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 година и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) член 57 од Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-675/4 од 26.05.2015, бр.01-1507/08 од 30.12.2016, бр.01-232/7 од 06.04.2017, бр.01-500/11 од 03.05.2018, бр.01-870/7 од 26.06.2019, бр.01-260/5 од 30.03.2021, бр.01-756/3 од 31.05.2022 и бр.01-1080/9 од 25.07.2023 година) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/24)

АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВУВА

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 2/2025

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со цел пополнување на работни места со унапредување на административен службеник, има потреба од:

- еден (1) извршител за работно место – Советник за организациона поддршка, шифра: МАП0101ВО1013 и

- еден (1) извршител за работно место – Советник за стандардизација, шифра: МАП0101В01017.

Општи услови за пополнување на работните места Советник за организациона поддршка и Советник за стандардизација се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за пополнување на работното место - Советник за организациона поддршка утврдени во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се :

Стручни квалификации:

- за ниво В01 - VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- вид на образование - Општествени науки и
- најмалку три години работно искуство во струката.

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Посебни услови за пополнување на работното место - Советник за стандардизација утврдени во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се

Стручни квалификации:

- за ниво В01 - VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- вид на образование - Општествени науки – право и
- најмалку три години работно искуство во струката.

На интерниот оглас може да се јават административни службеници, вработени во истата институција, кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работните места пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници и во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Покрај наведените услови кандидатот треба:

- да не е оценет со оцена "Г" или "Д" при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е на непосредно пониско ниво од работното место или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Дневно работно време – од 08 часот до 16 часот;
Работни денови: Понеделник – Петок;
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Паричниот нето износ на збирот на делот на основната плата со кој се вреднува степенот на образование и делот на плата за ниво изнесува 51,701.00 денари.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата и доказите ќе се дисквалификува од натамошната постапка.

Заинтересираните административни службеници, за наведените работни места, треба да достават пополнета пријава и документи со кои се докажува исполнувањето на бараните услови, до архивата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и во електронска форма до службената електронска адреса на лицето кое ги врши работите од областа на човечките ресурси, во рок од 5 дена сметано од денот на објавувањето на овој оглас.

Агенција за супервизија на капитално
финансирано пензиско осигурување

# ПРИЈАВА

**на Интерен оглас бр. 2 објавен од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

Јас ______________________________________________________________

_______________вработен во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на работно место ___________________________ ниво/категорија ________________________ и работно искуство (период и место) ______________________________________________________________________

__________________________________________________ .

Обуки на кои сум присуствувал се следните: ______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________.

*(Пожелно е вработениот да приложи документи за успешно завршени обуки)*

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

*(Доколку вработениот бил ментор или менториран работник да ја опише активноста и да приложи потврди за успешно реализирано менторство)*

Датум__________

Место__________

Подносител на пријавата